АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ,
ДИРЕКЦИЈА
11 Октомври 9, 1000 Скопје, П.фах 16, Р. Северна Македонија

08-2210/2
01.04.2026

БАРАЊЕ ПОНУДИ бр. ГП-06/2026

ПРЕДМЕТ: Продажба на гаранции на потекло на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија

Почитувани,

АД ЕСМ-Скопје врши продажба на гаранции на потекло на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија со следните карактеристики:

- Гаранции на потекло на електрична енергија од обновливи извори: **22.085 MWh**;
- Датум на издавање на гаранцијата: **04/02/2026**
- Минимална количина на гаранции по понуда**: 1 MWh**;
- Максимална количина на гаранции по понуда: **22.085 MWh**;
- Начин на плаќање: три дена од денот на фактурирање
- Понудената единечна цена треба да биде изразена во валута EUR/MWh, со две децимали, без вкалкулиран ДДВ;
- Понудената количина на гаранции мора да е во границите наведени во објавата и се изразува во цел број;
- Резултати на добитните понуди ќе бидат објавени на **16.04.2026 до 12:00 CET.**

Доставување на понуди:
Предмет на понуда: **Продажба на гаранции на потекло на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија.**

- Критериумите за евалуација на понудата е **највисока единечна цена**;
- Секој Понудувач може да достави **само 1(една)** понуда.
- Доколку се појават понуди со иста единечна цена, избрана ќе биде прводоставената понуда.
- АД ЕСМ-Скопје го задржува правото да прифати целосно или делумно било која понуда доставена од Понудувачите, како и право да отфрли понуда, и апсолутно право да не избере ниту една понуда.
- АД ЕСМ-Скопје го задржува дискреционото право во било кој момент на одвивање на процесот на доставување, евалуација или избор на Понуда да го откаже истиот. Во тој случај АД ЕСМ-Скопје нема да биде одговорен за било какви материјални и нематеријални штети кои можат да настанат за Понудувачите.
- Доставување понуди на **14.04.2026** год. од **10:20 до 11:00** часот на CET, на е-пошта: gpoie@elem.com.mk , и на gpoieesm@gmail.com .
- АД ЕСМ-Скопје го задржува правото да побара подобрување на понудата.
- Сите понуди мора да имаат рок на важење до **21.04.2026** година, **до 14:00 часот**, по локално време.

АД ЕСМ-СКОПЈЕ
Генерален директор
м-р. Лазо Узунчев